**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 21.05.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2842 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;

2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот:** 15 мај 2019 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 21 мај 2019 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Членот 50, став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физилчки, психички или морален развој*);

   - **Правилник за заштита на малолетните лица** (*„Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14*);

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 3.04.2019 година, за непочитување на членот 50, став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за преземање мерка – јавна опомена (Уп1 бр. 03-136, од 3.04.2019 година) на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 30 дена од денот на приемот на решението (4.04.2019 година) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за заштита на малолетните лица.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван на 15 мај 2019 година, на државно ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на членот 50 став 3

од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***